РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
РЕВИЗОРСКО ТЕЛО ЗА РЕВИЗИЈА НА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ

Број 04-437/1

Скопје, 27.05 2019 година

Врз основа на член 9 став 1 точка 8 од Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/10, 43/14, 154/15, 27/16, 190/16 и 83/18) и член 30 став 1 алинеја 2, став 3 и став 5, член 48 и член 49 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/15 и 35/18), Правилникот за систематизација на работните места во Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош со архивски бр. бр. 01-242/2 од 28.07.2015 година; бр. 01-242/5 од 09.09.2015 година; бр. 01-87/1 од 18.02.2016 година, бр. 01-87/4 од 14.10.2016 година, бр. 02-431/1 од 30.04.2018 година и бр. 02-431/7 од 07.11.2018 година, Главниот ревизор за ИПА, објавува:

# ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ – 1/2019

## за пополнување на работно место со унапредување на административен службеник во Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош

Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош има потреба од пополнување на работно место Раководител на сектор во Сектор за финансиски и правни работи, поради што објавува Интерен оглас за унапредување на 1 (еден) административен службеник за следното работно место:

1. **УПР 01 01 Б02 000 Раководител на сектор во Сектор за финансиски и правни работи - 1 (еден) извршител**

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,

- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

1/437-04
27.05.20

Посебни услови:
- ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – економски или правни науки и
- најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно место во приватен сектор.

Општи работни компетенции:
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни;
- раководење и
- финансиско управување.

Посебни работни компетенции:
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) и
- положен испит за административно управување.

Распоред на работно време:
- Работни денови – од понеделник до петок
- Работни часови дневно – 8 часа
- Работни часови неделно – 40 часа
- Работно време од 07:30/8:30 до 15:30/16:30
- Опис на работното време - почеток помеѓу 07:30 и 08:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот.

**Паричен нето износ на збирот од делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво изнесува на плата 35.878,00 денари**

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош, кој ги

исполнува општите и посебните услови за пополнување на работно место пропишани за соодветно ниво со Законот за административни службеници и со Правилникот за систематизација на работните места во Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош, како и:

- да е оценет со оцена "А" или "Б" при последното оценување;
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Заинтересираниот административен службеник се пријавува на интерниот оглас со поднесување на пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата и истата во хартиена форма, преку архивата на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош, ја доставува до лицето кое ги врши работите на организационата единица за управување со човечки ресурси м-р Соња Цифорова Симеонова, ОДР и во електронска форма на е-пошта ipa_aa@aaipa.gov.mk и sonja.simeonova@aaipa.gov.mk.

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови, можат да ги приложат и следните докази:

- потврди за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство (како ментор или менториран административен службеник).

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавувањето на огласот.

Овој интерен оглас се објавува истовремено на веб страницата на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош и на веб страницата на Агенција за администрација.

Пријавата за огласот може да се подигне од архивата на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош или да се превземе од веб страницата на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош - http://www.aaipa.mk.

Напомена: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата или за кој се утврди дека внел лажни податоци ќе биде дисквалификуван од натамошната постапка по овој оглас.

Постапката ќе ја спроведе Комисија за селекција за унапредување формирана од страна на Главниот ревизор за ИПА.

Ненавремените пријави и документација нема да се разгледуваат.

По истекот на рокот за пријавување, огласот ќе биде отстранет од веб страницата на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош.

Главен ревизор за ИПА,
Адем Цури, ОДР